## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

**Одделение за аналитика, администрација и документација**

Рег. бр. 14.4-39/13

Скопје, 24.10 2025

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Министер за внатрешни работи
- Директор на БЈБ
- Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

# **И З В Е Ш Т А Ј**

***за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во деветте месеци од 2025 година***

Во текот на деветте месеци од оваа година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки и активности за проверка на ***987 (995)[1] случаи*** на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработени во Министерството.

Во овој период, споредено со истиот период минатата година, се забележува тренд на зголемување од **32,43%** на примените ***писмени претставки од граѓани - 931 (703),*** зголемување од **23,56,%** на бројот на ***анонимни поднесоци – 194 (157)*** и зголемување од **38,66%** кај примените ***записници за усно поднесени претставки – 208 (150).***

Добиени се ***пет (три) претставки од невладини организации*** и сите од ***Хелсиншки комитет, 27 (28) поднесоци*** од ***Народниот правобранител, 11 (40) претставки од правни лица*** и ***84 (55) поднесоци од адвокати*** како полномошници на граѓани или на правни лица.

Освен по примените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по наредби на Министерот, врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период е постапено по примени ***298 (292) службени материјали (службени белешки, информации, телеграми)*** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во Министерството.

---

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Од *987 (995)* случаи за кои се вршени проверки, *627 (703)* ***се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани и правни лица***, а останатите се по добиени известувања, сознанија и слично. Од анализата на предметите формирани по претставки од граѓани, констатирано е дека во *277 (388)* случаи наводите изнесени во претставките се ***неосновани,*** за *195 (164)* предмети ***нема доволно докази*** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, *82 (74) претставки се* ***основани, 71 (74) делумно основани и две (три)*** *претставки се решени по друг основ.* ***(нема надлежност за постапување и веќе е постапено по претставката).***

Инаку, во сите *987* предмети во случаите каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР, од страна на ОВККИПС иницирани се задолжителни мерки.

За утврдените неправилности, ОВККИПС против *586 (441)* службени лица поднесе предлози за поведување на ***постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина.*** За *82 (90)* **лица** е изречена мерка-***укажување,*** а за *14 (30)* **вработени** е изречена мерка за покренување на постапка за ***надомест на штета-материјална одговорност.*** Од ***65 (33) вработени е одземено службеното оружје, 50 (36) вработени се упатени на вонреден лекарски преглед и 40 (34) вработени се отстранети (суспендирани) од работното место до донесување решение во дисциплинската постапка.***

Во оваа насока, претставници од Одделот учествуваа во работата на дисциплинските комисии и Одделот за дисциплински и судски постапки во својство на овластени предлагачи, присуствувајќи на *530 (355)* расправи за утврдување на дисциплинска одговорност.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаат обележје на кривично дело од страна на ОВККИПС се поднесени ***52 (25) кривични пријави*** против *140 (48)* вработени во МВР за сторени *57 (28)* кривични дела и тоа: 14 сторени К.Д „Злоупотреба на службената положба и овластување", 10 сторени К.Д „Несовесно работење во службата", три К.Д „Тешки дела против општата сигурност" вв со Предизвикување општа опасност" , три сторени К.Д „Загрозување на сигурноста", три сторени К.Д „Попречување по правдата", три сторени К.Д „Оддавање службена тајна", две сторени К.Д „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", две сторени К.Д „Напад на службено лице при вршење на работи на безбедност", две сторени К.Д „Малтретирање во вршење на службата", едно сторено К.Д „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекузори", едно сторено К.Д „Нарушување на неповредливоста на домот", едно сторено К.Д „Неизвршување на судска одлука", едно сторено К.Д „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија

или природен гас“, едно сторено К.Д „Безобзирно управување со моторно возило“, едно сторено К.Д „Затајување“, едно сторено К.Д „Фалсификување исправа“, едно сторено К.Д„ Спречување на докажување“, едно сторено К.Д „ Примање поткуп, “, едно сторено КД „Проневера во служба“, едно сторено КД „Лажно пријавување на кривично дело“, едно сторено КД „Давање поткуп“, едно сторено КД „Оштетување и неовластено влегување во компјутерски систем“, едно сторено КД „Спречување службено лице во вршење службено дејствие“, и едно сторено КД „Загрозување на сигурност“.

Покрај поднесените кривични пријави, Одделот во деветте месеци од годинава изготви и достави ***341 (191) Известувања до Основните јавни обвинителства во Р.С.Македонија,*** од кои ***210 (139) се по барање на обвинителствата,*** а ***131 (52) се за запознавање*** на надлежниот јавен обвинител. Од нив, ***302 (173)*** известувања се до ОЈО ГОКК, Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција, а ***39 (18)*** до останатите Основни јавни обвинителства.

Во овој период, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по ***35 (47) поднесоци,*** во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани ***е употребена физичка сила.*** По преземените мерки е утврдено дека ***8 (13) поднесоци се неосновани,*** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила, во *22 (30)* ***случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила, ***еден*** поднесок е во тек и ***четири (четири) поднесоци*** се ***основани*** – за што е поднесени ***две*** кривични пријави по член 143 од КЗ на РСМ поради постоење на основано сомнение за кривично дело „Малтретирање во вршење на службата“ и за ***два*** поднесоци известен е надлежен јавен обвинител.

Сите примени барања на објаснувања, информации и докази за наводите во претставките доставени од ***Народниот правобранител 27 (28) се одговорени.***

Во деветте месеци од годинава, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на *35 (58)* случени ***сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР со возила сопственост на Министерството,*** при што против ***11 (27) вработени*** е констатиран основ за поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност - надомест на штета.

**Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот јануари-септември изврши контрола на работењето на *74* организациска единица.**

Контроли беа спроведени во СВР Куманово (ПС ОН Крива Паланка, 2 ПС ОН Куманово, ПС ОН Кратово), СВР Скопје (ПС ОН Аеродром, 2 ПС ОН Кисела вода, ПС ОН


МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Карпош, 3 ПС ОН Ѓорче Петров, ПС ОН Драчево, ПС ОН Центар, 2 ПС ОН Бит Пазар, ПС ОН Гази Баба), СВР Велес (2 ПС ОН Велес, ПС ОН Кавадарци, ПС ОН Неготино), СВР Охрид (2 ПС ОН Дебар, ПО за БПС Дебар, ПО за БПС Кичево, ПС ОН Охрид, 2ПС ОН Кичево, ПС ОН Ресен, ПС ОН Струга), СВР Битола (ПС ОН Македонски Брод, ПС ОН Демир Хисар, ПС ОН Битола, 2 ПС ОН Прилеп) СВР Тетово (2 ПС ОН Гостивар, 2 ПС ОН Тетово) СВР Штип (ПС ОН Берово, ПС ОН Делчево, ПС ОН Штип, ПС ОН Свети Николе, ПС ОН Виница, ПС ОН Кочани, ПС ОН Пробиштип) СВР Струмица (ПС ОН Валандово, ПС ОН Гевгелија, ПС ОН Струмица, ПС ОН Радовиш), РЦ за ГР Запад (ПС за ГП Ќафасан, ПС за ГП Свети Апостол Павле, ДОЦ, ПС за ГП и ГН Блато), РЦ за ГР Север (ПС за ГП Табановце), Оддел за општи и заеднички работи, Оддел за прекршоци (Одделение за прекршоци Скопје, Гостивар, Охрид, Струмица, Битола, Кавадарци и Куманово) Оддел за граѓански работи (2 Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Охрид, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Штип, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Велес, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Куманово, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Струга, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Тетово, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Битола, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Кавадарци, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Скопје, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Гевгелија, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Прилеп).

Постапувајќи по Наредба од Министер број 08-66845/1 од 28.06.2024 година, Наредба бр.08-66866/1 од 28.06.2024 година и План бр. 14-3011/1 од 31.12.2024 година, Одделот на ден 01.01.2025 година спроведе контрола на почитување на правилата и прописите од страна на полициските службеници од регионалните центри за гранични работи и полициски станици од општа надлежност во вршење на нивните редовни активности и полициско работење од страна на униформираните полициски службеници во ПС од ОН Куманово при СВР Куманово и ПС за ГП Табановце при РЦ за ГР Север.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врз основа на Наредба бр. 08-66866/1 од 28.06.2024 година и План за вршење на контрола број 14-76/1 од 03.01.2024 година спроведе контрола на ден **07.01.2025** година во ПС за ГП и ГН Ќафасан, ПС за ГП Аеродром Св. Апостол Павле и ДОЦ при РЦ за ГР Запад.

Контролите се однесуваа на постапување по задачите дадени во Наредбата за вршење на служба, почитување на правилата и прописите на работното време, извршување на алкотестирање на униформирани полициски службеници за кои постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на службените евиденции кои се водат во дежурната служба, контрола на почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи во делот кој се однесува на службените простории и моторни возила, контрола на носење на приватни мобилни телефони и постапување по телеграма бр.22.1-19/1 од 06.08.2019 година од Директорот на БЈБ.

При контролата од страна на Одделот е изречено укажување на раководителите на ПС ОН Куманово и на ПС за ГП Табановце заради непостапување согласно одредбите од Правилникот за содржината и начинот на водење на

евиденциите во полицијата, како и укажување за еден полициски службеник поради повреда на работниот ред и дисциплина.

Одделот при спроведената контрола во ПС за ГП и ГН Ќафасан не констатира неправилности во извршување на работните задачи од страна на вработените полициски службеници. Во ПС за ГП Аеродром Св. Апостол Павле за констатираните неправилности изрече укажувања на раководителите заради пропусти во водењето на службените евиденции и укажување за еден полициски службеник за подобрување на работењето. При извршената контрола на ДОЦ при РЦ за ГР Запад изречена е мерка укажување за тројца полициски службеници во врска со непридржување на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време.

Со цел на утврдување на функционалноста на просториите за задржување на лица и исполнетост на пропишаните услови на просториите за задржување на лица, а по добиени сознанијата за нефункционалност, неисправност и неодржување на овие простори во полициски станици на подрачјето на СВР Скопје кои согласно Решение од страна на Министерот за внатрешни работи се определени за оваа намена, врз основа на изготвен План рег. бр. 14-261/1 од 19.01.2025 година, Одделот на ден 21/22.01.2025 година, спроведе контрола која се однесуваше на состојбата и исправноста на просториите за задржување на лица, воспоставена пракса за одржување на хигиена во просториите за задржување на лица, исполнување на стандардите на просториите за задржување на лица.

Од извршената контрола по полициските станици на подрачјето на СВР Скопје е утврдено дека од вкупно 19 простории за задржување 10 подолг временски период се вон употреба односно нефункционални, а во уредна состојба се само девет во кои моментално се задржуваат лица лишени од слобода по разни основи. Во однос на исполнетоста на стандардите на просториите за задржани лица, Одделот смета дека делумно се исполнети стандардите само во тие простории кои што во моментот се користат за задржување на лица лишени од слобода согласно Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување на лица во полициските страници од општа надлежност во СВР Скопје при БЈБ на МВР.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врз основа на претходно изготвени планови и тоа План рег.бр.14-261/1 од 19.01.2025 година и План рег.бр.14-330/1 од 27.01.2025 година, изврши контрола во полициски станици од општа надлежност на подрачје на Р.С.Македонија, а кои имаат Решение од страна на Министерот за внатрешни работи и се определени како полициски станици за задржување на лица. Од извршената контрола, а согласно претходно споменатиот правилник од страна на Одделот е утврдено дека 15 полициски станици од општа надлежност во СВР при БЈБ не ги исполнуваат ниту основните стандарди предвидени согласно правилникот, а во 19 полициски станици општата состојбата со просториите за задржување е добра и истите во поголем дел ги исполнуваат стандардите согласно Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување на лица.

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди изрече укажувања заради надминување на состојбите со исполнетост на минимални услови во просториите за задржување на лица со кое ги задолжи Одделот за општи и заеднички работи при Министерството за внатрешни работи во координација со Бирото за јавна безбедност да обезбеди минимални услови во просториите за задржување на лица согласно стандардите утврдени во Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување на лица во полициските станици од општа надлежност во СВР при Бирото за јавна безбедност. Дадено е укажување Одделенијата за заеднички работи при СВР да обезбедат парични средства за исхрана на задржаните лица и Бирото за јавна безбедност да воспостави методологија, односно да пропише процедура како ќе се регулира одржувањето на хигиена во просториите за задржување на лица, особено во делот на одржување на чистота на постелнината.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, врз основа на План за вршење на контрола број 14-357/1 од 28.01.2025 година, спроведе контрола на ден 28.01.2025 година во Одделот за општи и заеднички работи при МВР, врз основа на добиени сознанија за непочитување на работното време од страна на вработените и при спроведената контрола не констатира неправилности во однос на почитување на работното време.

Врз основа на План број 14-77/1 од 03.01.2025 година, Одделот на ден 06.01.2025 година изврши контрола на ПС од ОН Ѓорче Петров, ПС ОН Аеродром и ПС ОН Драчево при СВР Скопје, предвидени во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет на МВР 2023-2025.

Контролата се однесуваше на почитување на работно време согласно распоред за работа, проверка во евиденциите на организациони единици за број на претставки добиени од граѓани против вработени, контрола на почитување на прописите и наредбите при користење на службените возила, алкотестирање на полициски службеници за кои ќе постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните и оперативни евиденции, почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила, контрола на полициските службеници дали постапуваат по наредбите за вршење на служба, контрола на квалитетот на извршувањето на работните задачи и контрола на почитување на процедурите за чување на формациското оружје.

Одделот при спроведена контрола во ПС ОН Аеродром, ПС ОН Драчево и ПС ОН Ѓорче Петров при СВР Скопје, констатира пропусти во работењето на 10 полициските службеници против кои поднесе предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина.

Врз основа на План број 14-76/1 од 03.01.2025 година и по издадена Наредба од министерот за внатрешни работи, Одделот на ден 07.01.2025 година изврши контрола во ПС за ГП и ГН Блато при РЦ за ГР Запад и ПС ОН Дебар, ПО за БПС Дебар при СВР Охрид.

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Контролата се однесуваше на почитување на работно време согласно распоред за работа, контрола на почитување на прописите и наредбите при користење на службените возила, алкотестирање на полициски службеници за кои ќе постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните и оперативни евиденции, постапување по задачите наведени во Наредбата за вршење на служба, почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила, контрола на носење приватни мобилни телефони и постапување по телеграма 22.1-19 од 06.08.2019 година.

Одделот при спроведена контрола во ПС за ГП и ГН Блато при РЦ за ГР Запад не констатира неправилности во извршување на работните задачи од страна на вработените полициски службеници.

При спроведена контрола во ПС ОН Дебар и ПО за БПС при СВР Охрид, констатирани се пропусти во работењето на петмина полициските службеници за што Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина.

Врз основа на План број 14-4687/1 од 04.02.2025 година и по издадена Наредба број 08-1448/1 од 08.01.2025 година од министерот за внатрешни работи, Одделот на ден 04.02.2025 година спроведе контрола во ПО за БПС Кичево при СВР Охрид.

Контролата се однесуваше на почитување на работно време согласно распоред за работа, контрола на почитување на прописите и наредбите при користење на службените возила, алкотестирање на полициски службеници за кои ќе постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните и оперативни евиденции, постапување по задачите наведени во Наредбата за вршење на служба, почитување на член 168 став 2од Законот за внатрешни работи, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила и контрола на постапка за повикани, приведени и задржани лица и дали се постапува согласно стандардната процедура.

Одделот при спроведена контрола на сите полициски службеници кои согласно дневен распоред се на работа, изврши алкотестирање со апарат „Дрегер“ при што утврди присуство на алкохол во крвта кај еден полициски службеник против кого поднесе предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина.

Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди на ден 14.03.2025 година изврши контрола на почитување на работното време на вработените во Одделение за прекршоци Скопје, Гостивар, Охрид, Струмица, Битола, Кавадарци и Куманово. При спроведена контрола утврдено е непочитување на работното време од страна 14 вработени и за истите Одделот поднесе предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина.

Постапувајќи по План бр. 14-1545/1 од 22.05.2025 година, согласно наредба од Министерот за внатрешна работи, Одделот на ден 24.05.2025 година спроведе контрола во ПС ОН Прилеп и ПС ОН Велес за почитување на работното време согласно

распоредот за работа, контрола на почитување на прописите и наредбите при користење на службените возила, почитување на наредба за користење на службени моторни возила, извршување на алкотестирање на униформирани полициски службеници за кои постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните и оперативните евиденции, контрола на почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи во делот кој се однесува на службените простории и моторни возила, контрола на полициските службеници, дали постапуваат по наредба за вршење на служба, контрола на квалитетот на извршување на работните задачи. Одделот не констатираше неправилности.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на 24.05.2025 година изврши контрола на редовните активности и редовното полициско работење, почитување на правилата и прописите кои важат во министерството во ПС ОН Тетово и ПС ОН Гостивар. Одделот констатираше неправилности во работењето на еден полициски службеник од ПС ОН Тетово и за истиот поднесе предлог за покренување на постапка за утврдување одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина. За осум полициски службеници Одделот изрече задолжителна мерка укажување за подобрување на работењето согласно одредбите од Колективниот договор на МВР.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од 04.06.-09.07.2025 година врз основа на Планови за контроли спроведе контрола во работењето на Одделот за граѓански работи (Отсеци за оружје, експлозивни и опасни материи Охрид, Штип, Велес, Куманово, Струга, Тетово, Битола). Одделот против 18 овластени службени лица поднесе предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, достави известувања до надлежен јавен обвинител, изрече укажување за Отсеците за оружје, експлозивни и опасни материи Куманово и Струмица и за седум овластени службени лица од Отсеците за оружје, експлозивни и опасни материи Кавадарци и Скопје изрече задолжителна мерка укажување за подобрување на работењето согласно одредбите од Колективниот договор на МВР.

**Одделот постапуваше и по Анекс планови со цел контрола на извршување на работните задачи на полициските службеници при извршување на службените задачи и тоа:**

Одделот постапи по Анекс План во врска со контрола на извршувањето на работните задачи на униформираните полициски службеници при постапување и спроведување на План на СВР Скопје за одбележување на верскиот празник „Водици“ на ден 19.01.2025 година.

На ден 04.02.2025 година постапи по Анекс план за следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР за време на обезбедувањето и спроведувањето на Оперативниот план од ОЗОЛО, а во врска со одбележувањето на денот на раѓањето на Гоце Делчев.

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот постапуваше врз основа на Анекс План заради следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР за време на обезбедувањето и спроведувањето на Оперативниот план од ОЗОЛО во временски период од 05/07.03.2025 година во врска со присуство на делегација од Р. Хрватска предводена од претседателот на Хрватскиот Сабор, во временски период од 09/11.04.2025 година во врска со присуство на делегација од Р. Словенија предводена од Уршка Злакоќар Зупанчиќ, Претседател на Државен Збор, на ден 07.05.2025 година во врска со присуство на делегација од Р. Хрватска предводена од Претседателот Зоран Милановиќ и на ден 15.05.2025 година во врска со присуство на делегација предводена од Претседател на Европски Совет Антонио Кошта.

Одделот постапуваше врз основа на Анекс Планови заради следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутните вработени во МВР за време на настанот за 62-то издание на културната манифестација „Галичка Свадба 2025“, за настанот на културната манифестација „Охридско Лето“, три манифестации во врска со државниот празник „Илинден“ и два настани поврзани со прослава по повод државниот празник 8-ми септември.

Од страна на Одделот за времетраењето на постапувањето кај полициските службеници не се констатирани неправилности и не се пријавени настани во кои според делокругот на извршување на работните задачи припаѓаат на Одделот.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по Анекс план изготвен врз основа на План од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Со анекс планот беше предвидено координирано постапување на полициски службеници од двата Оддели во врска со повеќе кривични дела поврзани со Пустошење на шуми за кои по наредби од судија на претходна постапка извршени се претреси и одземени се предмети од инволвирани полициски службеници.

**Од останатите активности на Одделот ги издвојуваме следните:**

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамките на своите надлежности изработи Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2025 година и Акциски план за имплементација како стратешки документ во кој се поставени основните постулати врз кои се темели системот за интегритет во МВР со дефинирање на активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех.

Во јануари 2025 година со поддршка на ДЦАФ-Женевски центар за управување со безбедносниот сектор беше изработен Извештај за 2024 година за реализацијата на Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи 2023-2025 во кој беа согледани резултатите од

начинот на реализација на преземените мерки и активностите за 2024 година преку оценка на спроведените обуки, внатрешни контроли и надзори.

Одделот донесе заклучок дека предвидените мерки и активности за 2024 година во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 беа коректно поставени, реално спроведливи и резултатите се мерливи и следливи. На подолг рок, ваквите резултати, споредени со резултатите од спроведените мерки и активности за 2025 година ќе дадат уште појасна слика за состојбите со јакнењето на интегритетот кај работниците во МВР и намалувањето на стапката на корупција во редовите на министерството.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како член на платформата ЕРАС по добиена согласност за аплицирање на проектот Варсе финансиран од страна на Европската Унија и Специјалната истражна служба на Република Литванија учествуваше на средба за размена на најдобри антикорупциски практики што се одржа во Вилнус, Литванија во периодот од 19.02.-21.02.2025 година. На средбата беа разменети искуства и практики на двете земји во справувањето со коруптивните процеси со уверување за продлабочување на соработката помеѓу двете служби заради нејзино развивање и надградување.

На ден 27.03.2025 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на конференција спроведена од страна на Полиграф Центар на тема „Современи безбедносни системи за проверка на интегритет на вработени". На конференцијата беа презентирани најмодерните светски методологии при спроведување на полиграфско тестирање како алатка за проверка на интегритетот на вработените.

Во рамки на своите превентивни активности Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди под покровителство на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка во насока на континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството одржа **осум** обуки на тема „Зајакнување на интегритетот на граничната полиција со цел намалување на корупцијата во службата" и на тема „Интегритет при вршење на полициските овластувања" на кои присуствуваа слушатели од четирите Регионални центри за гранични работи и Секторите за внатрешни работи Скопје, Тетово, Велес, Куманово, Битола, Струмица и Охрид. Обуките беа успешно реализирани, интерактивни преку дискусии на теми поврзани со справување со ризиците од корупција во граничната полиција, улогата на полицијата во општеството и јакнење на довербата кај јавноста во полициското работење.

Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од 11.05.-15.05.2025 година беше дел од делегација на Министерството за внатрешни работи предводена од Министерот за внатрешни работи која учествуваше на Светскиот полициски самит во Дубаи на тема Глобална платформа за безбедносна соработка, технолошките иновации и иднината на полициското работење. Во рамки на посетата

делегацијата оствари средби со Министерот за внатрешни работи на Обединетите Арапски Емирати, шефот на Полиција на Дубаи и Претседателот на Интернационалната полициска асоцијација ИПА.

Во рамките на Проектот: „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ кој се спроведува под покровителство на Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка (CIDS), претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални од 13.05.-17.05.2025 година остварија студиска посета на Внатрешна полициска истражна единица во Осло, Кралство Норвешка, која е предвидена во Годишниот план на активности за 2025 година, во рамките на соработката помеѓу МВР и CIDS. При студиската посета покрај Внатрешна Полициска Истражна единица посетени беа и други полициски служби на Кралството Норвешка. Целта на студиската посета беше размена на искуства и практики во постапувањето на двете служби во областите од своите надлежности.

На покана на Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Република Чешка (ГИБС) претставници на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од од 02.06 - 06.06.2025 година остварија студиска посета Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Чешка (ГИБС). Целта на студиската посета беше размена на искуства и изнаоѓање механизми за заедничка соработка во делот на внатрешната контрола врз полициското работење и јакнење на професионалните стандарди.

Претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зема учество на online семинар на тема „Судската соработка во граѓанската и кривичната материја“ организиран од Министерството за правда во соработка со Европскиот институт за јавна администрација (EIPA). Целта на семинарот беше јакнење на капацитетот на јавната администрација потребни за процесот за пристапување на земјата во Европската Унија.

Во рамки на проектот „ЕУ поддршка на владеење на правото“ – ИПА 2020, претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа во спроведена обука на тема „Антидискриминација во полициското постапување“. Една од главните цели на обуката беше јакнење на капацитетите на полицијата при постапување со жртвите од дискриминација или злоупотреба.

Во период од 29.06.2025-02.07.2025 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беа дел од делегација на Република Северна Македонија која учествуваше на интерактивниот дијалог со Комитетот за човекови права во врска со Четвртиот извештај на Република Северна Македонија по меѓународниот пакт за човекови и политички права. На македонската делегација и беше изразена благодарност за нејзината подготвеност и координираност во давање на конкретни одговори на сите прашања покренати во текот на висококвалитетниот и конструктивен дијалог, при што беа дадени позитивни оценки дека земјата постигнала значителен напредок во повеќето области на заштита на човековите права предвидени со Пактот.

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Од 02.07.2025 до 04.07.2025 година во Р. Бугарија се одржа работен состанок во рамки на мрежата "NERCISU" на кој присуствуваа Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со уште еден претставник од Одделот. На средбите беше оценето дека истите претставуваат солидна основа за размена на искуства и практики на службите за внатрешна контрола насочени кон зајакнување на сопствените капацитетите и борба против криминалот и корупцијата во земјите учесници.

Од 20.09.2025 до 24.09.2025 година во Скопје се одржа 41. Ретренинг сесија на Европскиот огранок на Академијата на ФБИ (ФБИНАА) на која присуствуваа дипломци од Националната академија на ФБИ, претставници од Амбасадата на Соединетите Американски Држави, делегати и претставници од Федералното биро за истраги (ФБИ). Во рамки на сесијата, Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди одржа состаноци со претставници од Федералното биро за истраги (ФБИ) и претставници Амбасадата на Соединетите Американски Држави во РСМ, при што е истакнат особен интерес за меѓусебна официјална соработка во области поврзани со делокругот на работните процеси во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Одделот како организациска единица во МВР која го применува стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. По извршена надзорна проверка на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје, во извештајот од аудитот, во делот позитивни аспекти и добра пракса, за Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди утврдено е значително подобрување на работните услови и комплетност на човечките ресурси.

**ПРИЛОГ:** Табеларен преглед на одредени податоци

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**м-р Ивица Станковски**

Изработил: главен советник - Јулијана Јанаќијева
главен аналитичар - Ива Колариќ Николовска
самостоен аналитичар- Викториа Атанасоска
виш аналитичар – Христина Ристеска
Контролирал: началник на одделение - Маја Рецепагиќ


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
**на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за девете месеци од 2025 година**

I. Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупре-дување | Постап. за надомест на матер. штета | Суспендирање од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 година | 1007 | 27 | 286 | 122 | 16 | 20 |
| 2021 година | 914 | 29 | 244 | 161 | 12 | 30 |
| 2022 година | 942 | 23 | 309 | 341 | 26 | 24 |
| 2023 година | 866 | 11 | 288 | 128 | 16 | 34 |
| 2024 година | 995 | 48 | 441 | 90 | 30 | 34 |
| 2025 година | 987 | 140 | 586 | 82 | 14 | 40 |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила:

| | Вкупно поднесоци | Основани | Неосновани | Нема докази | Во тек |
|---|---|---|---|---|---|
| 2020 година | 45 | 6 | 16 | 23 | / |
| 2021 година | 44 | 2 | 9 | 33 | / |
| 2022 година | 37 | 4 | 19 | 14 | / |
| 2023 година | 49 | 4 | 17 | 28 | / |
| 2024 година | 47 | 4 | 13 | 30 | / |
| 2025 година | 35 | 4 | 8 | 22 | 1 |

III. Поднесоци од Народниот правобранител:

| | Вкупно поднесоци | Одговорени |
|---|---|---|
| 2020 година | 22 | 22 |
| 2021 година | 29 | 29 |
| 2022 година | 23 | 23 |
| 2023 година | 24 | 24 |
| 2024 година | 28 | 28 |
| 2025 година | 27 | 27 |